Врз основа на член 28 став 2 од Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/02), Директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА ЗА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ИНСПЕКТОРОТ ЗА ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на легитимацијата на инспекторот за јонизирачко зрачење (во натамошниот текст: легитимација).

Член 2

Образецот на легитимацијата на инспекторот за јонизирачко зрачење е дадена во Прилог бр.1 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Образецот на легитимацијата е со димензии 60 мм × 85 мм и е изработен на бела хартија и пластифициран со мат пластификат.

Член 4

Образецот на легитимацијата на во најгорниот средишен дел на предната страна содржи грб на Република Македонија. Под него е испишан текстот: „Република Македонија” и „Дирекција за радијациона сигурност”. Во средината од десна страна стои „Службена легитимација” и „Инспектор за јонизирачко зрачење”, а од левата страна има место за фотографија со димензии 25 мм × 30 мм. Под нив има место за впишување на податоци за името и презимето на инспекторот за јонизирачко зрачење. Во долниот средишен дел стои серискиот број на легитимацијата.

На задната страна на образецот е отпечатен текстот „Имателот на оваа легитимација е овластен да ги врши сите дејствија предвидени со Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност. Под текстот има место за впишување датум на издавање на легитимацијата, под него се наоѓа местото за печат означено „(М.П.)“, а во долниот десен агол место за потпис на Директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност.

Член 5

Образецот на легитимацијата е сместен во дводелен црн кожен повез.

На надворешната страна на првиот дел на кожниот повез е втиснат грбот на Република Македонија кој е изработен од метал којшто површински е заштитен со 24 каратна позлата. Под грбот стои текстот „Службена легитимација”, којшто е ласерски изгравиран.

На внатрешната страна на првиот дел од кожниот повез е сместен амблем на Дирекцијата за радијациона сигурност изработен од месинг со златна боја во облик на заштитното лого, со сите пропратни бои и заштитено со пластифицирање. Во горниот дел содржи текст „Дирекција за радијациона сигурност”, кој е испечатен на златна алуминиумска правоаголна плочка во склоп на кожниот повез. Под текстот во средниот дел е претставен модел на атомот – јадро и електрони во електронски орбити околу јадрото. Атомот е поставен во човекови раце, што ја симболизира радијационата сигурност.

Склопениот кожен повез е со димензии 70 мм × 105 мм.

Член 6

Легитимацијата има важност се додека лицето на кое му е издадена има службено својство на инспектор за јонизирачко зрачење.

Инспекторот за јонизирачко зрачење ја враќа легитимацијата по престанок на службеното својство на инспектор.

Член 7

Во случај на губење на легитимацијата, инспекторот ја огласува за неважечка на сопствен трошок и за тоа го известува директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност.

Директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност во случајот од став 1 на овој член издава нова легитимација.

Член 8

Легитимацијата се заменува со нова, кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, како и кога иматело на легитимацијата ќе ги промени личните податоци.

Член 9

Легитимациите што се враќаат или заменуваат, се поништуваат.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.03-234/3
15 декември 2006 година
Скопје

Директор,
д-р **Румен Стаменов,** с.р.

***Прилог бр. 1***

*Образец на легитимацијата на инспекторот за јонизирачко зрачење*




Имателот на оваа легитимација е овластен да ги врши сите дејствија предвидени со Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Датум на издавање:

_________ 200 __ година

(М.П.)

_______________
*Директор*

**Република Македонија**
**Дирекција за радијациона сигурност**

**СЛУЖБЕНА**
**ЛЕГИТИМАЦИЈА**

**ИНСПЕКТОР**
**за**
**јонизирачко зрачење**

___________________________
*Име*

___________________________
*Презиме*

бр. 000

**СЛУЖБЕНА**
**ЛЕГИТИМАЦИЈА**